Врз основа на член 41-в став (2) од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), а во врска со член 199 став (4) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 14/20, 171/22, 65/23, 14/24 и 30/24 ) и член 60 став (5) од Законот за вработените во Министерството за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 53/24) министерот за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА СЕЛЕКЦИЈА, ИЗБОР, ПОДГОТОВКА, УПАТУВАЊЕ И ВРАЌАЊЕ НА ВОЕНИОТ И ЦИВИЛЕН ПЕРСОНАЛ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВРАБОТЕНИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА, НА НАЦИОНАЛНА ИЛИ МЕЃУНАРОДНА ДОЛЖНОСТ ВО ЗЕМЈАТА И ВО СТРАНСТВО

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на селекција, избор, подготовка, упатување и враќање на воениот и цивилен персонал на Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата) и вработените во Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството), на национална или меѓународна должност во земјата и во странство.

### Член 2

За потребите на овој правилник, одделни поими го имаат следното значење:

- **„Национална или меѓународна должност“** е: должност во дипломатско претставништво на Република Северна Македонија во НАТО со седиште во Брисел, командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката.
- **„Лице на национална или меѓународна должност“** е: лице од член 1 на овој Правилник, кое се упатува на должност во дипломатското претставништво на Република Северна Македонија во НАТО со седиште во Брисел, командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката.

- **„Мандат“** е периодот на упатување на национална или меѓународна должност на лицата од членот 1 на овој Правилник.
- **„Индикативен период на упатување“** е периодот од датумот на очекуваното стапување на должност до датумот на очекуваното враќање на лицето од должност надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката.
- **„Овластен одбор“** е тело формирано од министерот кое ја спроведува постапката на упатување на национална или меѓународна должност и обезбедува независна и објективна селекција на лицата од членот 1 на овој Правилник.

Член 3

Лицата упатени на национална или меѓународна должност ги извршуваат своите должности во местото на работа во земјата прималел, односно на територијата на Републиката, согласно актот за систематизација на работни места на Министерството, актот за формација на Армијата и актите на формација на командите, штабовите и воените единици на меѓународните организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката.

Член 4

(1)Мандатот на лицата упатени на должност во дипломатско претставништво на Република Северна Македонија во НАТО со седиште во Брисел и дипломатските претставништва на Републиката е во траење од четири години.

(2)Мандатот на лицата упатени на должност во командните структури на НАТО, команди, штабови и воени единици надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката е во траење од три години.

(3)Мандатот на лицата упатени на должност во регионални и мултилатерални меѓународни организации е во траење од четири години или согласно правилата за ротација во соодветната меѓународна организација.

(4) Мандатот може да трае и пократко во случаи на упатување во командните структури на НАТО, седишта, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката, учество во хуманитарни операции, меѓународни операции, НАТО мисии и операции и во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност.

(5)Продолжување на мандатот на лицата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, на национална или меѓународна должност се врши заради потребите на службата или во други исклучителни случаи и истото може да биде најмногу двапати по шест месеци или вкупно до една година.

(6)Министерот за одбрана поради потребите на службата може по исклучок надвор од постапката за упатување по пат на интерен оглас согласно закон и овој Правилник, да упати лица на должност надвор од територијата Републиката и на територијата на Републиката, за време до две години.

(7)Упатувањето на лицата од ставот (6) на овој член, поради потребите на службата може да се продолжи не повеќе од 6 (шест) месеци од денот на завршувањето на упатувањето.

(8)Лицата упатени на меѓународна должност согласно овој правилник, неможат повторно да бидат упатени на национална или меѓународна должност, доколку не се поминати најмалку 24 месеци, од денот на враќање од претходната должност.

## II. НАЧИН НА ИЗБОР ЗА УПАТУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТ

Член 5

(1)Заради исполнување на потребите и обврските на Министерството, а согласно преземените обврски со меѓународни договори, лицата од член 1 на овој Правилник можат да се упатат на национална или меѓународна должност надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката.

(2)Постапката за избор за упатување на национална или меѓународна должност се спроведува по пат на интерен оглас или по исклучок со упатување до две години, со решение на министерот за одбрана.

(3)Интерниот оглас го изработува организационата единица на Министерството надлежна за управување со човечки ресурси, во соработка со организационата единица надлежна за меѓународна соработка и Генералштабот на Армијата.

(4)Интерниот оглас го распишува министерот за одбрана или од него овластено лице.

(5)Интерниот оглас се објавува во оптимален рок неопходен за спроведување на постапката за селекција, избор и упатување, согласно закон и одредбите на овој правилник, а по потреби на службата/меѓународната должност може да се објави и по итна постапка, со тоа што спроведувањето на постапката ќе биде во целост со одредбите на овој правилник.

(6)Интерниот оглас ги содржи минимум потребните елементи, како: назив на работното место/должност, потребно ниво/звање, односно чин, времетраење на упатувањето, исполнување на потребни услови утврдени со: закон, овој правилник, актот за систематизација, актот за формација или услови утврдени со актите на формација на командите, штабовите и воените единици на меѓународните организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката, документи потребни за пријавување, рок за пријавување и датум на објавување.

(7)Интерниот оглас се објавува на огласната табла во Министерството и се доставува до сите организациони единици на Министерството, командите и единиците на Армијата и на ВЕБ страната на Министерството.

(8)Министерот за одбрана може да донесе решение за поништување на интерниот оглас по службена должност или по предлог на Овластениот одбор, во случај:

-на интерниот оглас не се пријавил ниту еден кандидат;

-ниту еден од пријавените кандидати не ги исполнува условите од огласот;

-по спроведеното интервју или дополнителните проверки, ниту еден кандидат не покажал задоволително ниво на знаења, вештини и способности потребни за извршување на меѓународната должност;

-доколку на крајот на постапката предложениот кандидат не ги исполнува условите и безбедносните критериуми поврзани со должноста на која се упатува;

-се утврди повреда на постапката за избор и упатување на лице на меѓународна должност;

-во текот на постапката дојде до промена на околностите поврзани со упатувањето, а кои не зависат од кандидатите и врз кои неможе да се влијае или да се предвидат однапред.

Член 6

(1)Рокот за пријавување на Интерниот оглас неможе да е пократок од три, а подолг од десет работни дена, сметајќи го и денот на објавување на огласот.

(2)Пријавите по Интерниот оглас се доставуваат преку деловодството на Министерството до организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси заради спроведување на постапка.

(3)Организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси во рок од пет работни дена, заради спроведување на постапка, ги доставува пријавите со сите документи на пријавените кандидати до Овластен одбор.

Член 7

(1)Постапката за избор за упатување на национална или меѓународна должност ја спроведува Овластен одбор, формиран со решение на министерот за одбрана.

(2)Овластениот одбор е составен од претседател, четири члена и нивни заменици.

(3)Претседател на овластениот одбор е државниот секретар на Министерството за одбрана, а негов заменик е раководен службеник од категорија Б, додека членовите на одборот и нивните заменици се избираат од категоријата на раководни службеници од категорија Б од Министерството и две лица од Генералштабот на Армијата.

(4)Административно техничката работа на Овластениот одбор ја врши секретар без право на глас, кој е од составот на Организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси во Министерството за одбрана.

(5)Доколку член на Овластениот одбор или член на неговото поблиско семејство (брачен другар/вонбрачен другар, дете родено во брак или надвор од брак, какоо и роднина по крв до четврт степен или роднина по сватовство до втор степен) се пријави на интерниот оглас за меѓународната должност, истиот има обврска да поднесе барање за изземање од работата на одборот за местото односно должноста за која се спроведува постапка за избор.

(6)Постапката за избор, Овластениот одбор ја врши во две фази: административна селекција и интервју.

(7)За секоја од фазите се составува записник, а по завршување на двете фази во рок од 30 (триесет) дена, Овластениот одбор составува предлог ранг листа која ја доставува до министерот за одбрана.

(8)Овластениот одбор може да ги упати кандидатите кои поминале административна селекција, а кои не поседуваат валиден сертификат за познавање англиски јазик STANAG 6001, на тестирање заради проверка на степенот на познавање на англискиот јазик според наведениот стандард.

(9)Министерот за одбрана може да спроведе дополнително интервју со дел или со сите кандидати предложени од страна на Овластениот одбор.

(10)Министерот за одбрана носи одлука за избор со решение, која е конечна.

(11)Решението за избор, се објавува на огласната табла на Министерството, на ВЕБ страната на Министерството, како и се доставува до пријавените кандидати и до организационите единици кои имаат обврски во процесот на подготовките и упатувањето на лицето на национална или меѓународна должност.

(12)Решението од став (10) на овој член содржи: основни генералии на избраното лице, должноста за која се избира, времетраење на мандатот, односно упатувањето, како и други прашања од значење за вршење на должноста на која лицето се упатува.

(13)По завршување на процесот за подготовка за упатување на должност, министерот носи решение/наредба за упатување на меѓународна должност надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката.

(14)Во согласност со државата на приемот, одбранбените аташеа, воените и одбранбените претставници во НАТО, ЕУ и ОБСЕ може да добијат проширена акредитација за извршување на должности во една или во повеќе држави, односно организации.

Член 8

(1)За избор на национална или меѓународна должност надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката, лицата од членот 1 на овој Правилник, потребно е да ги исполнуваат следните услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да не е осудуван за кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку шест месеци, односно за кривично дело во врска со службената должност или за друго кривично дело што го прави недостоен за претставување на Републиката,
- против него да не е изречена дисциплинска мерка за дисциплински престап во последните три години,
- да не му е изречена казна, забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- доколку кандидатот е вработен во министерството, да е оценет со оценка „4“ во последната година, или да е оценет со оценка најмалку „3,5“ во последните три години последователно,
- доколку кандидатот е лице на служба во Армијата, да биде оценет најмалку со службена оценка „се истакнува“ по четирите критериуми и позитивна оценка од физичките проверки во последните три години пред упатувањето (доколку подлежи на истите),
- да има општа здравствена и психофизичка способност, која ја потврдува со лекарско уверение не постаро од една година, издадено од овластена медициска установа, односно наод и оценка од единицата за медицинска поддршка во Армијата,
- да поседува или да се стекне со соодветен национален и/или НАТО безбедносен сертификат согласно со условите на работното место до денот на упатувањето,

- познавање на англиски јазик или сертификат за соодветно СТАНАГ ниво за НАТО национални или меѓународни позиции каде тоа е услов,
- на денот на упатување да поминале најмалку 24 месеци од денот на враќање од претходната должност.

(2)Покрај условите од ставот (1) на овој член, како предност ќе се смета:

- поминат процес на стручно оспособување и усовршување, согласно со потребите од работното место на кое се врши упатување,
- работно искуство во Министерството или Армијата на сродни должности со местото на кое се врши упатување,
- познавање на втор странски јазик различен од англискиот и тоа еден од процедуралните јазици на Европската унија на ниво еквивалентно на нивото Б1 на ЦЕФР (CEFR), што се докажува со сертификат,
- познавање на службениот јазик на земјата на приемот, различен од англискиот на ниво еквивалентно на нивото А1 на ЦЕФР (CEFR), што се докажува со сертификат,
- работно искуство во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, командите, штабовите и воените единици на меѓународните организации, на работи и задачи односно должности од областа на која се упатуваат на должност.

Член 9

(1)Одредбите од овој правилник за начинот на избор и подготовка за упатување на должност, правата и обврските за време на извршување на должноста, враќањето од должност, продолжување на извршување на должноста и предвременото враќање од должност, ќе се применуваат и за одбранбените аташеа, воениот претставник во НАТО и за офицерите со генералски чин, со тоа што:

- По завршување на постапката за избор од Овластениот одбор и доставениот предлог-мислење до министерот за одбрана, како и донесено решение за избор, до Претседателот на Републиката од страна на министерот за одбрана се доставува предлог согласно спроведената постапка и се бара согласност за продолжување на постапката за должностите наведени во став 1 на овој член.
- По добивањето на позитивно мислење од Претседателот на Републиката, Министерството за одбрана преку Министерството за надворешни работи, доставува барање за добивање на согласност од државата на прием.
- По добивањето на согласност од државата на прием за лицето кое се упатува на национална или меѓународна должност надвор од територијата на Републиката, министерот за одбрана со писмо го известува Претседателот на Републиката и предлага донесување на Указ од Претседателот или во случај на недобивање на согласност од Претседателот и/или во случај на неможност од постигнување на консензус помеѓу министерот за одбрана и Претседателот на Републиката, решението за избор се поништува и постапката се повторува.

Член 10

(1)Министерот за одбрана носи решение за поништување на решението за избор, доколку:

- по изборот е покрената дисциплинска постапка за сторена потешка повреда на службената должност,
- по изборот лицето доставило лично барање дека се јавиле причини кои би влијаеле на извршувањето на меѓународната или националната должност, а за што лицето треба да достави соодветна документација,
- ако е покрената постапка за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку шест месеци,
- по изборот на лицето му е одземен безбедносниот сертификат.

## III. ПОДГОТОВКА ЗА УПАТУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТ

Член 11

Организационата единица на Министерството надлежна за меѓународна соработка ги координира активностите со другите организациони единици во Министерството за одбрана и со Министерството за надворешни работи во насока на навремено издавање на потребните акредитиви, согласности и нотификации, како и потребната документација за утврдување на дипломатскиот статус или друг соодветен статус согласно преземените обврски од меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот на Република Северна Македонија на избраните лица за упатување на национална или меѓународна должност.

Член 12

(1)Избраното лице за упатување на национална или меѓународна должност се подготвува за извршување на должноста односно работите на кои се упатува, врз основ на План за подготовка и обука, кој го изработува организационата единица во Министерството надлежна за меѓународна соработка, а го одобрува државниот секретар во Министерството.

(2)Планот за подготовка и обука од ставот (1) на овој член, покрај подготовките во организационите единици во Министерството и Армијата, може да вклучи и подготовка и обука во други државни органи и тоа:

- Министерството за надворешни работи,
- Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и други државни надлежни органи, во согласност со барањата и специфичностите на должноста.

(3)Подготовките и обуката за упатување на лицето на должност надвор од територијата на Републиката и на територијата Републиката траат најмалку 30 (триесет) дена, а најмногу 90 (деведесет) дена од денот на донесување на решението за избор.

(4)Доколку во рокот од ставот (3) на овој член, не се заврши постапката за упатување, решението за избор се поништува.

(5)Со поништување на решението за избор постапката се спроведува од почеток или се постапува согласно член 4 став (6) од овој Правилник.

## IV. ПРАВА И ОБВРСКИ ПРЕД УПАТУВАЊЕ И ЗА ВРЕМЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТА

Член 13

(1)Лицето кое се упатува на национална или меѓународна должност и членовите на неговото семејство во земјата на прием, имаат право на користење на здравствено осигурување за здравствена заштита во обем и на начин согласно позитивните законски прописи на Република Северна Македонија.

(2)Лицето кое се упатува на национална или меѓународна должност, во држави со кои Републиката има потпишано или преземено договор за социјално осигурување, е должно пред упатувањето, да обезбеди лекарско мислење за здравствената состојба на осигуреник кој го издава здравствена установа во која се врши дејност на медицина на трудот, лично и за членовите на неговото семејство, доколку истите го придружуваат за времетраењето на неговиот мандат.

(3)Лицето кое се упатува на национална или меѓународна должност, во држави со кои Републиката нема потпишано или преземено договор за социјално осигурување, е должно пред упатувањето, да обезбеди медицинска документација за неговата здравствена способност за работа во странство, издадена од единицата за медицинска поддршка во Армијата, а за членовите на неговото семејство, доколку истите го придружуваат за времетраењето на неговиот мандат, да обезбеди медицинска документација за нивната здравствена способност за престој во странство.

(4)Постапката за остварување на правото на користење на здравствени услуги во странство за лицето кое се упатува на национална или меѓународна должност се утврдува со посебен Правилник за утврдување на висината на платата, додатоците на платата и другите надоместоци на плата на вработените во Министерството и Армијата упатени на национална или меѓународна должност, кој го носи министерот за одбрана.

(5)Министерството, за лицето кое се упатува на национална или меѓународна должност и за членовите на неговото семејство, обезбедува доброволно здравствено осигурување, спроведено од Друштво за осигурување на странската држава.

(6)Трошоците за здравствените прегледи и доброволното здравствено осигурување се на товар на Министерството.

Член 14

Лицето кое се упатува на национална или меѓународна должност е должно пред заминувањето да се раздолжи со предметите и опремата со кои е задолжено во Министерството или Армијата во вршењето на претходните работи и задачи, односно должност, а кои повеќе не му се неопходни и да изврши примопредавање на должноста.

Член 15

За време на извршување на должностите надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката, лицето е должно покрај законите на Република Северна Македонија, да ги почитува и прописите на земјата домаќин, односно организацијата во чиј состав ја извршува должноста односно работата.

Член 16

Лицето упатено на национална или меѓународна должност ги извршува работните задачи согласно плановите за работа на Министерството, Постојаната делегација на Република Северна Македонија при НАТО, командните структури на НАТО, дипломатско конзуларните претставништва на Републиката, командите, штабовите и воените единици на меѓународните организации, а согласно насоките односно инструкциите кои ги добива од Министерството, Генералштабот на Армијата и надлежниот амбасадор.

Член 17

Лицето упатено на национална или меѓународна должност доставува редовни информации, како месечни и годишни извештаи за својата работа до надлежната организациона единица за меѓународна соработка во Министерството или Генералштабот на Армијата.

## V. ВРАЌАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ

Член 18

(1)Лицето упатено на национална или меѓународна должност е должно не подоцна од 90 (деведесет) дена пред истекот на мандатот да ги започне подготовките за враќање од должноста.

(2)Министерот за одбрана донесува решение за враќање на работа на лицето упатено на должност,најдоцна 60 (шеесет) дена пред неговото враќање.

Член 19

По завршувањето на националната или меѓународната должност надвор од територијата на Републиката, лицето е должно во рок од 30 дена до надлежната организациона единица за меѓународна соработка и до Генералштабот на Армијата да достави извештај за својата работа во текот на севкупната должност.

## VI. ПРЕДВРЕМЕНО ВРАЌАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ

Член 20

(1)Времетраењето на вршењето на должноста на лицето упатено на национална или меѓународна должност може да биде и пократко од донесениот временски период на упатување на должноста, во следниве случаи:

- ако достави лично барање за предвремено враќање,
- одземен или непродолжен безбедносен сертификат,
- ако покаже незадоволителни резултати во работењето,
- ако од Министерството, Генералштабот на Армијата или од соодветно претставништво на Република Северна Македонија во друга држава, меѓународна мисија и организација, тоа го побара надлежен орган на државата или авторитет на мисијата, меѓународната организација, командата, штабот и воената единица во странство или на територијата на Републиката во чии состав е лицето,

- ако лицето се прогласи за „PERSONA NON GRATA“ во земјата на прием,
- поради заминување на друга должност во Републиката,
- ако е осудено за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку шест месеци и
- ако престане да ги исполнува условите неопходни за конкретната национална или меѓународна позиција.

(2)Иницијатива за враќање на лицето од ставот (1) на овој член, може да даде Претседателот на Република Северна Македонија, министерот за одбрана или Началникот на Генералштабот на Армијата.

(3)За донесената одлука за предвремено враќање од извршување на должноста лицето се известува веднаш, а враќањето се организира во најкус можен рок.

(4)Решение за предвремено враќање од должност донесува министерот за одбрана.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

За правата и обврските, должностите и одговорностите, одморите и отсуствата и другите односи во службата на воениот и цивилниот персонал на Армијата и вработените во Министерството, за времето на извршување на должноста надвор од територијата на Републиката или на територијата на Републиката, се применуваат одредбите од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, Законот за вработените во Министерството за одбрана, подзаконските акти донесени врз основа на овие закони и Колективниот договор на Министерството за одбрана.

Член 23

(1)Со денот на влегување на сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на избор и подготовка на воен и цивилен персонал на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, за упатување на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката бр. 01-1539/1 од 11.03.2021 година, бр. 01-4604/1 од 05.07.2021 година, бр. 01-1171/1 од 16.02.2022 година и бр. 01-733/1 од 14.02.2023 година.

(2)Започнатите постапки за избор и подготовка за упатување на должност во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката, пред влегување во сила на овој правилник ќе се спроведат согласно одредбите од Правилникот за начинот на избор и подготовка на воен и цивилен персонал на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, за упатување на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации надвор од територијата на Републиката и на

територијата на Републиката бр. 01-1539/1 од 11.03.2021 година, бр. 01-4604/1 од 05.07.2021 година, бр. 01-1171/1 од 16.02.2022 година и бр. 01-733/1 од 14.02.2023 година.

Член 24

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01-2300/1
16 -07- 2026 2026 год
С к о п ј е

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА
Владо Мисајловски